# ЧЕТВРТ ЗАТВОРЕНИК РОМ ПОЧИНА ВО МАКЕДОНСКИТЕ ЗАТВОРИ



**Будимпешта, Скопје, 18 јануари 2018 год.:** На 25 декември 2017 година, 39-годишниот Ром, Беким Демир, според известувањата починал од предозирање во затворот Идризово само неколку дена пред да биде пуштен на слобода. ЕЦПР ќе го изнесе неговиот случај пред суд, како дел од колективна тужба која вклучува смрт на тројца други затвореници Роми против Управата за извршување санкции при Министерството за правда. Воедно, тој е осмиот и последниот затвореник кој починал во КПУ Идризово во 2017 година и четвртиот Ром кој починал во македонските затвори во период од само 9 месеци.

Повторно, околностите околу смртта на еден Ром се сомнителни и несигурни. Семејството на Беким добило телефонски повик од него на денот кога починал. Тој им кажал дека имал тешкотии при дишењето откако лекарот во затворот му дал две инјекции од кои се чувствувал парализирано. Го замолил своето семејство да дојде во затворот за да го спаси.

Во седмиците пред неговата смрт, Беким му се пожалил на своето семејство дека чуварите и лекарите во затворот го малтретираат. Чуварите рутински го тепале и му се обраќале со етнички навреди, тврди неговото семејство кое ги видело белезите на неговиот грб. Исто така, тој се жалел на постојани болки во стомакот и нозете, за што лекарите одбивале да му дадат медицинска нега, и дури го малтретирале затоа што барал помош. Во еден случај, лекарот наводно му рекол на неговиот претпоставен „нека оди по ѓаволите, изнеси го, сите тука се болни, не ми е гајле дали ќе умре“.

Беким отслужувал 3-годишна казна затвор за кражба и немал сериозни здравствени проблеми пред да биде примен во КПУ Идризово, каде при посетите семејството забележало дека со текот на времето неговото здравје се влошува. Тој има две ќерки на 12 и 4-годишна возраст.

*„Македонија веќе беше предупредена. Континуираната смрт на млади Роми во нивните затвори не помина незабележано, и ние нема да дозволиме ова да помине туку-така“* рече претседателот на ЕЦПР, Ѓорѓе Јовановиќ. *„Тие знаат дека тоа што го прават е погрешно – веќе имаат платено оштета за смртта на затвореник Ром во многу сличен случај. Доколку Министерството за правда не нареди соодветни истраги, ќе видиме што судовите имаат да кажат за случајот. Ако одбијат да ја задоволат правдата, овие случаи ќе ги изнесеме пред Европскиот суд за човекови права*“.

Неговата смрт следи растечки познат тренд и многу наликува на околностите на смртта на други двајца Роми оваа година: 25-годишниот Јусинов Ердал и 21-годишниот Андриас Реџепов. И двајцата починале поради предозирање со лекови против болка, и двајцата ги обвиниле чуварите и лекарите во затворот за малтретирање, и на двајцата наводно им била одбиена медицинска нега во часовите пред нивната смрт.

Станува очигледно дека македонските власти се или неспособни или неподготвени целосно да ја истражат смртта на овие затвореници Роми и, доколку е потребно, да ги гонат лицата кои се одговорни за тоа. ЕРРЦ смета дека постои неверојатно голем број докази кои упатуваат на институционално насилство врз припадниците на ромската етничка заедница. Неуспехот соодветно да се истражат околностите во овие смртни случаи претставува прекршување на многу национални закони, како и на член 14 (право на недискриминација) од Европската конвенција за човекови права, заедно со член 2 (право на живот) и член 3 (забрана на тортура).

За повеќе информации или за да договорите интервју, контактирајте ги:

Сенада Сали
Правник
Европски центар за правата на Ромите
senada.sali@errc.org
+36 30 950 0722

Џонатан Ли
Координатор за комуникации
Европски центар за правата на Ромите
jonathan.lee@errc.org
+36 30 500 2118